**RECHALOZ / РЕХАЛОЗ 3% капки за око, 10 ml**

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**

**Ве молиме прочитајте го внимателно упатството за употреба пред употреба на РЕХАЛОЗ 3% капките за око. Ако имате било какви прашања, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.**

**Навлажнувачки и заштитни капки за третман на суво око**

## ШТО ПРЕТСТАВУВААТ РЕХАЛОЗ 3% КАПКИ ЗА ОКО?

РЕХАЛОЗ 3% капките за око се препорачуваат во случај на чувство на суво око (нелагодност, силна болка, иритација) и очна слабост предизвикана од надворешни фактори, како што се ветер, чад, загадување, прашина, сув воздух, клима уреди, воздушно патување, долготрајна работа пред компјутер. Капките веднаш овозможуваат удобност за корисникот, во тек на денот.

**Состав:**

Трехалоза дихидрат (еквивалентно на 30 mg трехалоза), натриум хлорид, трометамол (TRIS), бензалкониум хлорид, хлороводородна киселина, вода за инјекции.

**Особини**

РЕХАЛОЗ 3% капките за око е стерилен, изотоничен, офталмолошки, воден раствор со неутрално pH, кој содржи антимикробен конзерванс. Неговата главна состојка е трехалоза, природна супстанца која се наоѓа во многу растенија и животински видови, која е отпорна во екстремно суви услови.

Трехалоза има заштитни, антиоксидантни и навлажнувачки особини, благодарение на хемиските и физичките особини. Со тие својства, анхидробиотикот (состојба на забавен метаболизам која им помага да преживеат во екстремно дехидрирани услови) што се гледа кај одредени микроорганизми е суштинскиот елемент на механизмот. Дополнително на нејзините антиоксидантни особини, трехалозата поседува и особини кои овозможуваат стабилизација на мембраните, што превенира денатурација на протеините и деградација на липидите.

**Начин на употреба и дозирање**

Се препорачува да се употреби по една капка во секое око, кога е потребно во текот на денот.

РЕХАЛОЗ може да се користи истовремено со контактни леќи.

**Предупредувања и мерки на претпазливост:**

Некои мерки на претпазливост треба да се земат во предвид, за правилна употреба на препаратот:

- Правилно измијте ги рацете пред да ги користите капките за очи
- Не го допирајте врвот на шишенцето до Вашите очи или очни капаци, особено доколку се сомневате на очна инфекција.
- Додека нежно го повлекувате долниот очен капак надолу и гледате нагоре, капнете една капка во долната конјуктивална ќеса.
- Затворете го шишето со капачето после употребата.
- Не ги инјектирајте и не ги голтајте капките.
- Не ги користете РЕХАЛОЗ капките за око ако сте алергични на било која од состојките.
- Не го користете препаратот доколку заштитниот прстен е оштетен.
- Отстранете ги контактните леќи пред употреба и почекајте најмалку 15 минути пред повторно да ги вратите во очите после употреба на капките.

**Услови на чување:**

Капките треба да се употребат во рок од 8 недели после отворањето на шишето. Чувајте ги надвор од дофат и поглед на деца. Да се чуваат на температура до 25° C.

**Несакани ефекти:**

Ретко, може да се појави слаба очна иритација.

**Интеракции:**

Доколку се користи и друг препарат за очи, се препорачува да се почека 10 минути помеѓу апликацијата на двата препарати.

**ДА НЕ СЕ КОРИСТИ ПОСЛЕ ИСТЕКОТ НА РОКОТ НА УПОТРЕБА.**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство:** Јули 2022

**Производител:**

World Medicine İlaç Sanayi ve Ticaret A.Ş.

Bağcılar/İstanbul, Турција

**Носител на одобрението за промет:** Ворлд Медицине Илач Санаји Ве Тицарет А.Ш/Р. Турција – Подружница Скопје

Ул. Црвена Вода бр. 7, Центар, 1000 Скопје

**Број и датум на одобрението за промет:**

CE 2195

| Симбол | Опис | Симбол | Опис |
|---|---|---|---|
| | Производител | | Да не се употребува доколку пакувањето е оштетено. |
| | Дата на производство | 25°C | Горна температурна граница |
| | Рок на употреба | CE | Препаратот ги задоволува прописите за Регулативата за Медицински средства |
| LOT | Број на серија | 2195 | Одобрување број |
| STERILE A | Стерилизирано со употреба на асептична техника. | | Видете во Упатството за употреба |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ